**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Јавно Претпријатие за Државни патишта**

**Бр.** 02-8079/6
16 -10- 2013
**Скопје**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните набавки (Сл. Весник на Република Македонија бр 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11 и 15/13), член 20 точка 14 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта (Службен весник на Република Македонија бр. 09/2013) Управниот одбор донесе:

**ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА 2013 ГОДИНА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА**

**1.** Годишниот план за јавните набавки за 2013 година број 02-265/8 од 15.01.2013 година се менува во следните точки:

8. Набавка на фискални мемории се менува во називот и гласи:

Надградба на постоечки софтвер за управување на содржини на Веб страна

Односно во Годишниот план за јавните набавки во 2013 година со број 02-265/8 од 15.01.2013 година, горенаведената јавна набавка се менува и изменетиот план гласи:

| РБ | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Очекуван почеток на постапката | Вид на постапка | Проценета вредност на договорот/ | ДДВ | Вкупно со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Надградба на постоечки софтвер за управување на содржини на Веб страна | октомври | Прибирање на понуди | 300.000 ден. | 54.000 ден. | 354.000 ден. |

**2.** Годишниот план за јавните набавки за 2013 година, број 02-265/8 од 15.01.2013 година, се дополнува со следниве јавните набавки и тоа:

- Надзор над изградба на автопат А4, делница Миладиновци - Свети Николе – Штип
- Надзор над изградба на автопат А2, делница Кичево - Охрид
- Обележување на патен појас – експропријационен појас, процена на вредноста на земјиштето, земјоделски и шумски култури и објекти на државен пат А2, делница Кичево - Охрид
- Обележување на патен појас – експропријационен појас, процена на вредноста на земјиштето, земјоделски и шумски култури и објекти на клучка на обиколница Скопје, државен пат А2, месност Смилковци
- Елаборат за нумерички податоци за автопат А4, делница Миладиновци – Свети Николе – Штип

- Елаборат за нумерички податоци за автопат А2, делница Кичево – Охрид
- Елаборат за нумерички податоци за изградба на клучка на обиколница Скопје, државен пат А2, месност Смилковци

Односно во Годишниот план за јавните набавки во 2013 година со број 02-265/8 од 15.01.2013 година, горенаведените јавни набавки се додаваат и планот гласи:

| РБ | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Очекуван почеток на постапката | Вид на постапка | Проценета вредност на договорот/ | ДДВ | Вкупно со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 110 | Надзор над изградба на автопат А4, делница Миладиновци - Свети Николе - Штип | октомври | Отворена постапка | 575.000.000 ден. | 103.500.000 ден. | 678.500.000 ден. |
| 111 | Надзор над изградба на автопат А2, делница Кичево - Охрид | октомври | Отворена постапка | 846.000.000 ден. | 152.280.000 ден. | 998.280.000 ден. |
| 112 | Обележување на патен појас – експропријационен појас, процена на вредноста на земјиштето, земјоделски и шумски култури и објекти на државен пат А2, делница Кичево - Охрид | октомври | Отворена постапка | 8.000.000 ден. | 1.440.000 ден. | 9.440.000 ден. |
| 113 | Обележување на патен појас – експропријационен појас, процена на вредноста на земјиштето, земјоделски и шумски култури и објекти на клучка на обиколница Скопје, државен пат А2, месност Смилковци | октомври | Прибирање на понуди | 300.000 ден. | 54.000 ден. | 354.000 ден. |
| 114 | Елаборат за нумерички податоци за автопат А4, делница Миладиновци – Свети Николе - Штип | октомври | Отворена постапка | 2.000.000 ден. | 360.000 ден. | 2.360.000 ден. |
| 115 | Елаборат за нумерички податоци за автопат А2, делница Кичево - Охрид | декември | Отворена постапка | 2.500.000 ден. | 450.000 ден. | 2.950.000 ден. |
| 116 | Елаборат за нумерички податоци за изградба на клучка на обиколница Скопје, државен пат А2, месност Смилковци | декември | Прибирање на понуди | 300.000 ден. | 54.000 ден. | 354.000 ден. |

Во останатиот дел Годишниот план за јавните набавки за 2013 година број 02-265/8 од 15.01.2013 година останува непроменет.

**3.** Овој план стапува на сила и ќе се применува по добивање на согласност на Програмата за изменување и дополнување на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2013 година од страна на Владата на Република Македонија.

**Образложение:**

Измената и дополнувањето на Планот за јавните набавки за 2013 година, донесен од Управниот одбор со број 02-265/8 од 15.01.2013 година претставува ажурирање на постоечкиот план, а потребата од измена на истиот се должи на потребата од дополнување на истиот со јавните набавки кои се неопходни заради

реализација на проектите опфатени со Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта.

Потребните финансиски средства за реализирање на горенаведените набавки и тоа набавките под реден број 110 и 111, во вкупен износ од 49.000.000,00 денари ќе се исплаќаат во 2013 година и се обезбедени во глава IV став 1 точка 5 – инфраструктурни проекти и надзор над градежни работи од Програмата за изменување и дополнување на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2013 година, а останатиот дел од финансиските средства ќе се реализираат согласно динамиката определена во петгодишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта, додека пак финансиски средства за реализирање на набавките под реден број од 112 до 116 се обезбедени во глава IV став 1 точка 6 – експропријација од Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2013 година која што е во сила.

**Претседател на Управен одбор**

**Сања Минкова**